**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ЗА 2015 ГОДИНА

Февруари, 2016 година

**РЕЗИМЕ**

Државниот инспекторат за земјоделство до декември 2013 година беше орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со надлежност врз донесувањето на Законот за Државен инспекторат за земјоделство и подзаконските акти кои произлегуваат од него. Од декември 2013 година со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на законот за државниот инспекторат за земјоделство (Службен Весник на Република Македонија број 164/2013 година), Државниот инспекторат за земјоделство од 01.05.2014 година е со својство на правно лице, има сопствена буџетска сметка од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно Закон и одлучува за правата и обврските од работен однос. Со Инспекторатот раководи и управува директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

Согласно „Законот за изменување и дополнување на законот за државниот инспекторат за земјоделство" (Службен Весник на Република Македонија број 164/2013 година и „Законот за изменување и дополнување на законот за инспекциски надзор" (Службен Весник на Република Македонија број 147/2013 година), Директорот на Државниот инспекторат за земјоделство доставува до Инспекцискиот совет годишен извештај за работа на инспекциската служба.

Во извештајниот период Државниот инспекторат за земјоделство, своето работење го реализираше преку доследно спроведување на одредбите од законите и поблиските прописи од делокругот на работење на овој инспекциски орган, преку вршење на надзори и превземање на инспекциски мерки, кај сите субјекти, кои работаат во овие области, но секогаш навремено постапуваше и по доставените информации за одредени неправилности и злоупотреби, кога не се почитуваат одредбите од законите и поблиските прописи.

Државниот инспекторат за земјоделство во текот на извештајниот период за 2015 година има составено севкупно 34.298 записници од извршени инспекциски надзори, при што се издадени 595 платни налози, а наплатени се 112 платни налози. Од страна на Државните фитосанитарни инспектори на единаест гранични премини и шестте места на утовар и во внатрешноста на Република Македонија извршени се вкупно 71.087 прегледи на пратки од кои 31.654 пратки при увоз, 27.967 пратки при извоз, 7.839 пратки при провоз (транзит) и 3.627 пратки при реекспорт, односно изразено во тежина изнесува 1.026.013,268 тони, 322.626,21м3 дрвен материјал и 47.240,211 броја саден материјал, а преку EXIM системот се одобрени 11.903 пратки од увезени земјоделски производи.

## 1. РЕГУЛАТОРНА РАМКА

Во извештајната 2015 година донесени се 2 нови законски акта, 45 измени, дополни на постојни законски акти, 14 измени и дополни на подзаконски акти, 22 нови подзаконски акта и 28 (методологији, одлуки, програми, листи) во извештајната 2015 година, а кои се однесуваат директно на работењето на Државниот инспекторат за земјоделство.

| Реден број | Назив на законот или позаконскиот акт | Број и датум на Службен весник |
|---|---|---|
| 1. | Закон за дополнување на Законот за земјоделски задруги | 51/15 од 31.03.2015 год. |
| 2. | Закон за дополнување на законот за концесии и јавно приватно партнерство | 215/15 од 07.12.2015 год. |
| 3. | Закон за дополнување на Законот за продажба на земјоделско земјиште во државна сопстевеност | 97/15 од 12.06.2015 год. |
| 4. | Закон за изменување и доплнување на Законот за возила | 192/15 од 05.11.2015 год. |
| 5. | Закон за изменување и дополнување на Закон за земјоделското земјиште | 72/15 од 05.05.2015 год. |
| 6. | Закон за изменување и дополнување на Законот за виното | 149/15 од 01.09.2015 год. |
| 7. | Закон за изменување и дополнување на Законот за генетски модифицирани организми | 145/15 од 25.08.2015 год. |
| 8. | Закон за изменување и дополнување на Законот за Државниот инспекторат за земјоделство | 33/15 од 05.03.2015 год. |
| 9. | Закон за изменување и дополнување на Законот за Државниот инспекторат за земјоделство | 88/15 од 28.05.2015год. |
| 10. | Закон за изменување и дополнување на Законот за Државниот инспекторат за земјоделство | 149/15 од 01.09.2015 год. |

| | | |
|---|---|---|
| **11.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност | 146/15 од 26.08.2015 год. |
| **12.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за Закон за квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата | 154/15 од 04.09.2015 год. |
| **13.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенијата | 149/15 од 01.09.2015 год. |
| **14.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделски задруги | 193/15 од 06.11.2015 год. |
| **15.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште | 154/15 од 04.09.2015 год. |
| **16.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој | 25/15 од 19.02.2015 |
| **17.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој | 153/15 од 04.09.2015 |
| **18.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор | 33/15 од 05.03.2015 |
| **19.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор | 193/15 од 06.11.2015 год. |
| **20.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет на земјоделски производи | 116/15 од 09.07.2015 |
| **21.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за квалитетот на земјоделски производи | 149/15 од 01.09.2015 |
| **22.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за квалитетот на земјоделските производи | 193/15 од 06.11.2015 год. |
| **23.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции | 149/15 од 01.09.2015 |

| | | |
|---|---|---|
| **24.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за органско земјоделско производство | 149/15 од 01.09.2015 |
| **25.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој | 193/15 од 06.11.2015 год. |
| **26.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за пасиштата | 193/15 од 06.11.2015 год. |
| **27.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за постапување по претставки и предлози | 193/15 од 06.11.2015 год. |
| **28.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост | 215/15 од 07.12.2015 год. |
| **29.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за производи за заштита на растенија | 10/15 од 22.01.2015 год. |
| **30.** | Закон за изменување и дополнување на законот за производи за заштита на растенијата | 129/15 од 31.07.2015 год. |
| **31.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура | 154/15 од 04.09.2015 год. |
| **32.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура | 193/15 од 06.11.2015 год. |
| **33.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија | 129/15 од 31.07.2015 год. |
| **34.** | Закон за изменување и дополнување на законот за сточарството | 147/15 од 27.08.2015 год. |
| **35.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за тутун и тутунски производи | 193/15 од 06.11.2015 год., 213/15 од 03.12.2015 год. |
| **36.** | Закон за изменување и дополнување на Закопнот за земјоделксото земјиште | 215/15 од 07.12.2015 год. |

| | | |
|---|---|---|
| **37.** | Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик | 196/15 од 10.11.2015 год., 226/15 од 25.12.2015 год. |
| **38.** | Закон за изменување на Законот за земјоделство и рурален развој | 73/15 од 06.05.2015 год. |
| **39.** | Закон за изменување на Законот за земјоделство и рурален развој | 83/15 од 20.05.2015 год. |
| **40.** | Закон за изменување на Законот за пасиштата | 215/15 од 07.12.2015 год. |
| **41.** | Закон за изменување на законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост | 61/15 од 17.04.2015 год. |
| **42.** | Закон за именување и дополнување на  Законот за за заштита на потрошувачите | 97/15 од 12.06.2015 год. |
| **43.** | Закон за именување и дополнување на Законот за земјоделско земјиште | 98/15 од 15.06.2015 год. |
| **44.** | Закон за именување и дополнување на законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка | 97/15 од 12.06.2015 год. |
| **45.** | Закон за именување на Законот за извршување на санкциите | 98/15 од 15.06.2015 год. |

| | | |
|---|---|---|
| **46.** | Закон за општата управна постапка | 124/15 од 23.07.2015 год. |
| **47.** | Закон за прекршоците | 124/15 од 23.07.2015 год. |
| **48.** | Изменување и дополнување на риболовна основа за риболна вода Тиквешко Езеро за период 2013-2018 година | 225/15 од 24.12.2015 год. |
| **49.** | Исправка на уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2014 година | 93/15 од 05.06.2015 год. |
| **50.** | Листа на организми односно агенси за цели за биолошка заштита и контрола | 88/15 од 28.05.2015 год. |
| **51.** | Национална листа на одобрени производи и активни супстанции за 2015 година | 100/15 од 17.06.2015 год. |
| **52.** | Национална сортна листа | 28/15 од 24.02.2015 год. |
| **53.** | Одлука за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба | 49/15 од 27.03.2015 год. |

| | | |
|---|---|---|
| **54.** | Одлука за давање согласност на правилникот за висината на надоместокот за извршените работи на Државниот инспекторат за земјоделство | 149/15 од 01.09.2015 год. |
| **55.** | Одлука за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилник за висината на надоместокот за извршените работи на Државниот инспекторат за земјоделство | 217/15 од 11.12.2015 год. |
| **56.** | Одлука за започнување на постапка за доделување концесии на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативни зони и риболовни ревири | 47/15 од 24.03.2015 год. |
| **57.** | Одлука за одобрување на производи за заштита на растенијата за SONIDO - инсектицид и PERIDIUM EV302 red - прилепител за ограничена и контролирана употреба | 46/15 од 23.03.2015 год. |
| **58.** | Одлука за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за вршење стопански риболов на риболовната зона на акумулацијата Тиквешко Езеро | 117/15 од 10.07.2015 год. |
| **59.** | Одлука за престанок на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативните зони и риболовните ревири | 117/15 од 10.07.2015 год. |
| **60.** | Одлука за утврдување на дополнителна помош за исплата на загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани | 118/15 од 13.07.2015 год. |
| **61.** | Правилник за видовите на добиток и начинот на употреба на мешано семе од ист вид на добиток | 46/15 од 23.03.2015 год. |

| | | |
|---|---|---|
| **62.** | Правилник за висината на надоместокот за извршените работи на Државниот инспекторат за земјоделство | 162/15 од 18.09.2015 год. |
| **63.** | Правилник за висината на трошоците за вршење на органолептичко оценување на виното заради добивање на решение за ставање на виното во промет | 14/15 од 30.01.2015 год. |
| **64.** | Правилник за дополнување на Правилникот за форамата и содржината на зоотехничките документи, како и начинот на пополнување на обрасците за издавање на зоотехничките документи | 221/15 од 17.12.2015 год. |
| **65.** | Правилник за изменување и дополнување на Правилник за висината на надоместокот за извршените работи на Државниот инспекторат за земјоделство | 227/15 од 28.12.2015 год. |
| **66.** | Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за видот на податоците, постапката и начинот за запишување и доделување на единствен идентификациски број на земјоделското стопанство и промена на податоци и бришење, содржината и формата на обрасците и потребната придружна документација за запишување, промена на податоци и бришење и начин и рок за ракување, употреба, објавување и шување на податоците од единствен регистар на земјоделски стопанство, како и содржината и формата на решението за запишување и Решението за запишување и Решението за бришење од единствениот регистар на земјоделски стопанства | 35/15 од 09.03.2015 год. |
| **67.** | Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за количините на семенски и саден материјал потребни за испитување | 91/15 од 02.06.2015 год. |
| **68.** | Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на водењето, доставувањето на евиденцијата и формата и содржината на образецот на евиденцијата за откупените и обработените количини на тутун | 138/15 од 22.10.2015 год. |

| | | |
|---|---|---|
| **69.** | Правилник за изменување и дополнување на правилникот за поблиските дополнителни услови за поддршката од мерките за рурален развој, прифатливите трошоци и висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за поединечна мерка | 88/15 од 28.05.2015 год. |
| **70.** | Правилник за изменување и дополнување на правилникот за поблиските критериуми за избор на најповолеб понудувач на земјоделско земјиште во државна сопственост кое може да се даде во закуп и определување на големината на површината на земјоделското земјиште кое може да се даде во закуп | 110/15 од 30.06.2015 год. |
| **71.** | Правилник за изменување и дополнување на правилникот за поблиските критериуми за избор на најповолен понудувач на земјоделско земјиште во државна сопственост кое може да се даде во закуп и определување на големината на површината на земјоделското земјиште кое може да се даде во закуп | 120/15 од 15.07.2015 год. |
| **72.** | Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за поблиските услови кои треба да ги исполнува откупувачот на тутун за упис во регистарот на откупувачи на тутун и потребната документација | 138/15 од 22.10.2015 год. |
| **73.** | Правилник за изменување и дополнување на Правилникот на процедуални права за работа на стручната комисија  за потврдување на стручните работи од обласата на одобрување на производите за заштита на растенијата | 121/15 од 20.07.2015 год. |
| **74.** | Правилник за изменување на правилникот за поблиските критериуми за избор на најповолен понудувач на земјоделско земјиште во државна сопственост кое моше да се даде во закуп и определување на големината на површината на земјоделското земјиште кое може да се даде во закуп | 129/15 од 31.07.2015 год. |
| **75.** | Правилник за изменување на Правилникот за формата и содржината на барањето за издавање на контролна марка, начинот на нејзино издавање, формата и начинот на водењето на евиденцијата за издадени и искористени контролни марки за означување на брашното кое се става во промет | 110/15 од 30.06.2015 год. |
| **76.** | Правилник за изменување на Правилникот за формата и содржината на образецот на пријавата за договореното производство на тутун | 96/15 од  11.06.2015 год. |

| | | |
|---|---|---|
| **77.** | Правилник за изменување на правилникот за формата и содржината на пријаваат за производство на афион, книгата за евиденција, договорот за производство и поблиските критериуми за производство на афион и откуп на афион за производство на опојни дроги и психотропни супстанции | 14/15 од 30.01.2015 год. |
| **78.** | Правилник за изменување на правилникот за формата и содржината на фитисанитарниот сертификат или фитосанитарниот сертификат за реекспорт и формата и содржината на пријавата за издавање на фотосанитарен сертификат | 123/15 од 22.07.2015 год. |
| **79.** | Правилник за количината на семенскиот и садниот материјал од сорта која е во постапка на испитување за внесување во национална сортна листа од житни, фуражни, репа, градинарски, маслодајни и влакодајни растенија, компир и винова лоза и начинот на водење на евиденција | 91/15 од 02.06.2015 год. |
| **80.** | Правилник за минимално техничките стандарди и услови во поглед на опремата, хардверот, функционалноста на софтверот за електронскиот систем за водење на евиденција на пријавени, евидентирани и договорени површини и колишини тутун по производители, откупувачи, по типови на тутун, за секоја реколта поединечно, начинот на користење, одржување и надградба на истиот | 49/15 од 27.03.2015 год. |
| **81.** | Правилник за начинот на спроведување на здравствен преглед и начинот на земање на примероци на тутун над кои се врши фтосанитарен мониторинг | 23/15 од 17.02.2015 год. |
| **82.** | Правилник за поблиските услови кои треба да ги исполнува откупувачот на тутун за упис во регистарот на откупувачи на тутун и потребната документација | 57/15 од 8.04.2015 год. |
| **83.** | Правилник за содржината на договорот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост | 171 /15 од 01.10.2015 год. |

| | | |
|---|---|---|
| **84.** | Правилник за трговија со материјал за размножување и саден материјал - расад од градинарски растенија | 53/15 од 02.04.2015 год. |
| **85.** | Правилник за форма и содржина на барањето, начинот и висината на надоместокот за издавање на официјални етикети | 42/15 од 18.03.2015 год. |
| **86.** | Правилник за формата и содржината и начинот на водење на регистарот на ознаки на потекло, формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на географски ознаки, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на ознаки за гарантиран традиционален специјалитет | 222/15 од 18.12.2015 год. |
| **87.** | Правилник за формата и содржината и образецот на привремената лиценца за инспектор | 65/15 од 23.04.2015 год. |
| **88.** | Правилник за формата и содржината на барањето за издавање на одобрение, начинот на добивање на одобрение и формата и содржината на одобрението за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата | 176/15 од 13.10.2015 год. |
| **89.** | Правилник за формата и содржината на барањето за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште | 115/15 од 08.07.2015 год. |
| **90.** | Правилник за формата и содржината на листата на организми односно агенси за цели на биолошката заштита и контрола како и техничките услови за добивање на одобрение за увоз и користење | 88/15 од 28.05.2015 год. |
| **91.** | Правилник за формата и содржината на образецот за дневна евиденција за уловената риба на риболовните подрачја, како и начинот на нејзиното водење | 76/15 од 11.05.2015 год. |

| | | |
|---|---|---|
| **92.** | Правилник за формата и содржината на образецот и начинот на поднесување на барањето за добивање на одобрение за садење | 14/15 од 30.01.2015 год. |
| **93.** | Правилник за формата и содржината на образецот на записникот за отворање на понудите и извештајот за евалуација на понудите | 175/15 од 09.10.2015 год. |
| **94.** | Правилник за формата, содржината и начинот на водење на книгата за процена на тутун и дневната потврда за предадениот тутун | 14/15 од 30.01.2015 год. |
| **95.** | Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на пасишта во државна сопственост | 12/15 од 27.01.2015 год. |
| **96.** | Правилник за формата, содржината и начинот на издавање на уверението за квалитет - сертификат и образецот на барањето | 162/15 од 18.09.2015 год. |
| **97.** | Програма за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2015 година | 138/15 од 22.10.2015 год., 207/15 од 24.11.2015, 223/15 од 21.12.2015 год. |
| **98.** | Програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2015 година | 90/15 од 02.06.2015 год. |
| **99.** | Програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2015 година | 30/15 од 02.03.2015 42/15 од 17.03.2015 52/15 од 01.04.2015 |

| | | |
|---|---|---|
| **100.** | Програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој | 204/15 од 18.11.2015 год., 223/15 од 21.12.2015 год. |
| **101.** | Програма за изменување на Програмата за фитосанитарна политика за 2015 година | 96/15 од 11.06.2015 год. |
| **102.** | Решение за овластување на лабаратории за анализа и суперанализа на земените примероци за контрола ан брашно | 14/15 од 30.01.2015 год. |
| **103.** | Риболовна основа за изменување и дополнување на Риболовната основа за риболовната вода Слив на Пчиња за период 2011-2016 | 35/15 од 09.03.2015 год. |
| **104.** | Риболовна основа за изменување и дополнување на Риболовната основа за риболовната вода Слив на река Брегалница за период 2011-2016 | 35/15 од 09.03.2015 год. |
| **105.** | Риболовна основа за изменување на Риболовната основа за риболовната вода Дојранско Езеро за периодот 2011-2016 | 20/15 12.02.2015 год. |
| **106.** | Риболовна основа за изменување на Риболовната основа за риболовната вода Преспанско Езеро за периодот 2011-2016 | 20/15 12.02.2015 год. |
| **107.** | Тарифа за годишен надоместок за одржување на сортата запишана во националната сортна листа | 35/15 од 09.03.2015 год. |

| | | |
|---|---|---|
| **108.** | Уредба за дополнување на уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2015 година | 105/15 од 24.06.2015 год. |
| **109.** | Уредба за изменување и дополнување на уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2015 година | 92/15 од 04.06.2015 год. |
| **110.** | Уредба за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2015 година | 16/15 од 03.02.2015 год. |
| **111.** | Ценовник за висина на надоместок на штетата нанесена на рибите | 20/15 12.02.2015 год. |

*Тбеларен приказ бр.1 Донесени нови, измени и дополни законски и подзаконски акти и други акти во 2015 година*

Други законски и подзаконски акти кои се донесени во извештајната година а кои имаат влијание врз работата на Државниот инспекторат за земјоделство се следниве:

| **Реден број** | **Назив на законот или позаконскиот акт** | **Број и датум на Службен весник** |
|---|---|---|
| *1* | *Закон за изменување и дополнување на законот за административни службеници* | *48/15 од 25.03.2015* |
| *2* | *Правилник за видот, формата и содржината на регистрите од интерес на инспекцискиот совет* | *44/15 од 19.03.2015* |
| *3* | *Правилник за формата и содржината на Годишната програма за работа на инспекциските служби* | *44/15 од 19.03.2015* |

| | | |
|---|---|---|
| *4* | *Правилник за формата и содржината на Годишниот извештај за работа на инспекциската служба* | *44/15 од 19.03.2015* |
| *5* | *Правилник за формата и содржината на евидентниот лист за пријавено производство на тутун, начинот на пријавувањето, потребната документација, како и начинот на издавање на евидентниот лист* | *15/15 од 02.02.2015 и 42/15 од 17.03.2015* |
| *6* | *Правилник за формата и содржината на кварталниот извештај за работа на секојинспектор* | *44/15 од 19.03.2015* |
| *7* | *Правилник за формата и содржината на Кварталниот план за работа на секој инспектор* | *44/15 од 19.03.2015* |
| *8* | *Правилник за формата и содржината на Месечниот план за работа на секој инспектор* | *44/15 од 19.03.2015* |
| *9* | *Закон за изменување и дополнување на Законот за административни службеници* | *154/15 од 04.09.2015 год.* |
| *10* | *Закон за изменување на Законот за административните такси* | *192/15 од 05.11.2015 год.* |

*Тбеларен приказ бр.2 Донесени нови, измени и дополни законски и подзаконски акти и други акти во 2015 година*

## 2. УСОГЛАСУВАЊЕ СО МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ И БАРАЊА

Фитосанитарната управа, орган во состав на МЗШВ, ја претставува Република Македонија во меѓународните тела, органи и организации од областа на здравјето на растенијата и извршување на други задачи поврзани со здравјето на растенијата утврдени со закон, додека Секторот за инспекциски надзор од областа на фитосанитарна политика ги имплементира и спроведува меѓународните стандарди и барања особено извозните процедури

за Руската Федерација, Република Белорусија, Република Литванија, Република Полска, Република Австрија со кои има и дирекни контакти со Инспекциите од овие земји.

Во 2015 година беше потпишан Меморандумот за соработка меѓу Федералната служба за ветеринарен и фитосанитарен надзор на Руската Федерација (Россельхознадзор), Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија и Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија

Согласно досегашната соработка помеѓу Федералната служба за ветеринарен и фитосанитарен надзор (Россельхознадзор) на Руската Федерација и Државниот инспекторат за земјоделство, Меморандумот за соработка меѓу Федералната служба за ветеринарен и фитосанитарен надзор (Россельхознадзор) на Руската Федерација, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија и Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија потпишан на 4-ти јуни 2015 година и обврските кои произлегуваат како што е аналогно архивско доставување на дневна основа до Россельхознадзор за потврдување и доставување на издадените фитосанитарни сертификати од државните фитосанитарни инспектори на Република Македонија.

## 3. НАДЛЕЖНОСТИ И ОРГАНИЗАЦИЈА

### 3.1. Основи

Државниот инспекторат за земјоделство, работите од својата надлежност ги извршува преку:

- директорот на Инспекторатот,
- државните инспектори за земјоделство и државните фитосанитарни инспектори и
- стручната служба во Инспекторатот.

Државниот инспекторат за земјоделство (ДИЗ) е основан согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, а својата организација, надлежности, овластувања, постапки и сл. ги врши согласно Законот за Државниот инспекторат за земјоделство. Внатрешната организација е уредена согласно Правилникот за внатрешна организација на Државниот инспекторат за земјоделство број 04-4386/3 од 16.05.2014, а работните места во Државниот инспекторат за земјоделство се уредени согласно Правилникот за систематизација во Државниот инспекторат за земјоделство со број 04-4386/2 од 16.05.2014 година.

Во рамки на Инспекторатот, формирани се 6 сектори во чии рамки се формирани 20 одделенија, а надвор од секторите како посебни организациони единици формирани се 3 одделнија. Државните инспектори за земјоделство во својата организациона единица се распределни на работа во 33 подрачни единици во 7 региони, на 11 Гранични премини и 6 места на утовар.

Државниот инспекторат за земјоделство, инспекциските контроли и надзори ги врши од областа на: земјоделство, руралниот развој, рибарството и аквакултура, сточарско производство и пчеларството, земјоделско земјиште и земјоделска политика и води, областа на семето и садниот материјал, производите за заштита на растенијата, квалитетот и безбедност на ѓубрива, биостимулатори, виното со лозарството, цвеќето и декоративните растенија, квалитетот и безбедност на земјоделски производи, од областа на органско земјоделско производство и генетски модифицирани организми, тутунот и тутунски производи, директните плаќања во земјоделството, и фитосанитарната политика.

Во рамките на Државниот инспекторат за земјоделство функционира и EXIM системот – едношалтерски систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти, (www.exim.gov.mk), проект на Владата на Репубила Македонија, и истиот овозможува

одобрување на поднесените барања за дозволи и издавање на дозволите од извршените контроли на пратките.

### 3.2. Административни постапки

Евиденцијата на инспекциските надзори и превземените инспекциски мерки и постапки секој инспектор одделно ги води во Уписникот за предметите од првостепена инспекциска постапка (ИП1), согласно Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на инспекциската евиденција, како и содржината на извештаите од инспекциската статистика („Службен весник на Република Македонија" број 165/2011 година), како и во Образец 11-Регистар на извршени инспекциски надзори согласно Правилникот за формата и содржината на регистарите од интерес на инспекцискиот совет („Службен весник на Република Македонија" број 44/2015 година). Пополнувањето на Обарзец 11 (внесот на податоците од извршените инспекциски надзори и превземените мерки и постапки) е организирано така што секој инспектор го пополнува образецот и на месечно ниво го доставува до претпоставениот раководител, потоа собраните податоци од инспекторите во секторот се доставуваат до задолжениот службеник за спојување на податокот како целина на ниво на Државниот инспекторат за земјоделство и на месечно ниво Образец 11 се доставува до Инспекцискиот совет.

### 3.3.Безбедност и комуникација

Државниот инспекторат за земјоделство комуникацијата помеѓу вработените и меѓу институциите ја врши писмено преку архивата на Инспекциската служба, како и електронски преку службените електронски пошти на варaботените кои го користат domain –от @diz.gov.mk .

### 3.4. Информациска и комуникациска технологија

Државниот инспекторат за земјоделство располага со десктоп компјутери Lenovo, лаптоп компјутери HP, кои работат на оперативен систем Windows 7, три мултифункционални принтери, неколку инк-џет принтер, скенери, фотокопир и УПС уреди. Компјутерите се поврзани мрежно со еден главен рутер и повеќе сплитови. Инспекторатот користи интернет од Уан, Бизнис пакет X DSL Internet. Државните инспектори за земјоделство користат DSI софтвер во кој ги внесуваат податоците од извршеите инспекциски надзори и истиот не е одржуван, не дозволува креирање на нови корисници, периодично не дозволува повелкување на постоечки и внесување на нови податоци и сето тоа го прави нефункционал подолго од 6 месеци, додека фитосанитарните инспектори користат софтвер за електронска евиденција на пратки од увоз, реекспорт, транзит и извоз.

Државниот инспекторат за земјоделство има потреба од софтверската аликација која треба да овозможи автоматизирање на деловните процеси и работните активности на инспекторите и да ги поврзе и обедини работните процеси од Државните инспектори за земјоделство и Државните фитосанитарни инспектори (граничната и внатрешната фитосанитарна инспекција) за да се оствари целина на ниво на Државниот инспекторат за земјоделство. Ова софтверската апликација треба да ги опфаќа сите деловни процеси кои се одвиваат во ДИЗ и да овозможи структурално да биде компатибилна со барањата на Инспекцискиот совет, Законот за општа управан апостапка, Уписникот за предметите од првостепена инспекциска пострапка (ИП1) и други позитивни законски прописи. На тој начин ќе се овозможи комплетна поврзаност на процесите и активностите во рамките на ДИЗ и поедноставување, олеснување на работата на директните корисници, при евиденција на контролите и при изготвување на извештаии на сите нивоа.

Согласно Одлуката за престанок и давање на движни ствари на Државниот инспекторат за земјоделство објавена во ( Службен весник на Република Македонија број 90/2014 година од 11.06.2014 година), од страна на Информатичка опрема се дадени вкупно 225 броја на опрема од кои 116 броја имаат вреднос од 0,00 денари.

Сите евиденции од податоци кои Државниот инспекторат за земјодлество ги користи за изработка на извештаи и анализи до Влада, Министерство и Инспекциски совет, како и за своја интерна употреба се водат во excel табели.

### 3.5. Управување со финансиски и нефинансиски ресурси

Врз основа на Указот за прогласување на Буџетот на Р.М. за 2015 год. (Сл. весник на Р.М. бр 155/14) и Законот за извршување на буџетот за 2015 год. (Сл. весник на Р.М. бр.155/14), ДИЗ располага со вкупен буџет од 77.226.000,00 денари од кои:

- за плати и надоместоци 71.148.000,00 денари
- за стоки и услуги 6.078.000,00 денари.

Согласно овие податоци, инспекторатот може да ги покрие расходите за 2015 година.

- Дражавниот инспекторат за земјоделство располага со 42 возила од кои повеќето се во амортизирана состојба, односно дотраени, за што се трошат многу финансиски средства за нивно одржување.
- Повеќето инспектори се задолжени за користење на овие возила и секој од нив на месечно ниво доставува извештај за користење на возилото, уредно пополнет со изминати километри и потрошено гориво.

Сите инспектори и поголемиот број вработени во инспекциската служба располагаат со службени телефонски броеви.

## 4. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

### 4.1. Основи

Во 2014 година, а истите се на важност и во 2015 година на предлог на директорот на инспекторатот, заменик миинстерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги донесе:

1. Правилникот за внатрешна организација на Државниот инспекторат за земјоделство со број 04-4386/2 од 16.05.2014 година и

2. Правилник за систематизација на работните места во Државниот инспекторат за земјоделство со број 04-4386/3 од 16.05.2014 година.

### 4.2.Број на вработени

Во Државниот инспекторат за земјоделство заклучно во декемви 2015 година вкупно се вработени: 127 инспектори од кои 3 главни инспектори, 4 виши инспектори, 90 инспектори, 3 самостојни инспектори и 2 помлади инспектори, додека на пробна работа се 25 инспектори, 1 раководител на сектор и 39 стручно административни службеници. Во однос на инспекторите

кои имаат привремена лиценца за инспектор, и кои имаат надлежност да вршат надзори се 3-ца главни инспектори, 4-ца виши инспектори, 76 инспектори и 2-ца самостојни инспектори или вкупно 84 инспектори.

| **Вкупно вработени во Државниот инспекторат за земјоделство заклучно јуни 2015 година** | | | Главен инспектор | Виш инспектор | Инспектор | Самостоен инспектор | Помлад инспектор | Инспектор на пробна работа | Раководител на сектор | стручно административни службеници |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I** | ***Сектор за инспекциски надзор од областа на земјоделството со руралниот развој, органското производство, тутун и тутунските производи и квалитет на земјоделски производи*** | | 1 | | | | | | | |
| | 1 | Одделение за инспекциски надзор од областа на земјоделството и руралниот развој | | | 8 | | | 2 | | 3 |
| | 2 | Одделение за инспекциски надзор од областа на органското производство | | | 2 | | | 1 | | 0 |
| | 3 | Одделение за инспекциски надзор од областа на тутунот и тутунските производи | | | 2 | | | 1 | | 1 |
| | 4 | Одделение за инспекциски надзор од областа на квалитет на земјоделски производи | | | 2 | | | 1 | | 1 |
| **II** | ***Сектор за инспекциски надзор од областа на рибарството со аквакултурата, сточарството, пчеларството, земјишната политика со поледелско производство*** | | | | | | | | | |
| | 1 | Одделение за инспекциски надзор од областа на рибарството со аквакултурата | | 1 | 5 | | | | | 2 |
| | 2 | Одделение за физичка заштита на риболовни води | | | | | | | | 8 |
| | 3 | Одделение за инспекциски надзор од областа на сточарството со пчеларство | | | 2 | | | 1 | | 1 |
| | 4 | Одделение за инспекциски надзор од областа на земјишната политика со поледелски култури | | 1 | 10 | | | 3 | | 2 |
| **III** | ***Сектор за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, цвеќе, генетски модифицирани организми, и виното и лозарството*** | | 1 | | | | | | | |
| | 1 | Одделение за инспекциски надзор од областа на семе саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата | | 1 | 12 | | | 2 | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2 | Одделение за инспекциски надзор од областа на цвеќе и генетски модифицирани организми | | | | | 1 | | | |
| | 3 | Одделение за инспекциски надзор од областа на вино со лозарство | | | 6 | | | | | 1 |
| **IV** | ***Сектор за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политик**a* | | 1 | | | | | | | |
| | 1 | Одделение за за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика на граничен прамин | | | 25 | | | 8 | | |
| | 2 | Одделение за за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика во внатрешноста на државата | | 1 | 16 | 3 | 1 | 6 | | 4 |
| **V** | ***Сектор за логистика и техничка поддршка, правни работи, планирање и обработка на податоци*** | | | | | | | | | |
| | 1 | Одделение за правни работи | | | | | | | | 2 |
| | 2 | Одделение за информатички технологии | | | | | | | | 1 |
| | 3 | Одделение за  планирање и обработка на податоци | | | | | | | | 2 |
| **VI** | ***Сектор за проекти и административна поддршка на директорот*** | | | | | | | | 1 | |
| | 1 | Одделение за проекти | | | | | | | | 2 |
| | 2 | Одделение за административна поддршка на директорот | | | | | | | | 7 |
| | 3 | Одделение за анализа на ризик | | | | | | | | 1 |
| | 4 | Одделение за внатрешна контрола | | | | | | | | 0 |
| | ***Самостојни одделенија*** | | | | | | | | | |
| | 1 | Одделение за внатрешна ревизија | | | | | | | | 0 |
| | 2 | Одделение за управување со човечки ресурси | | | | | | | | 0 |
| | 3 | Одделение за финансиски прашања | | | | | | | | 1 |
| ***Вкупно*** | | | **3** | **4** | **90** | **3** | **2** | **25** | **1** | **37** |

*Тбеларен приказ бр.3. Вработени во Инспекциската служба заклучно декември 2015 година*

## 4.3 Обуки и стручно оспособување

Во извештајниот период одржани се 19 обуки/работилници на кои присуствувале вкупно 97 надлежни инспектори и 6 администартивни службеници.

| Ред. бр | Назив на обуката | Организатор на обуката | Дата и место на одржување |
|---|---|---|---|
| 1 | Земање мостри за квалитет на земјоделски растенија | ДФЛ | 19.10.2015 година |
| 2 | Тематска обука за обучувачи-(Закон за општа управна постапка, Закон за инспекциски надзор и Закон за прекршоци) | Инспекциски совет | 16.11.2015 година, Скопје |
| 3 | Процедурите за работа и размена на податоци | Министерството за труд и социјална политика | 01.07.2015 Обука во Прилеп |
| 4 | Имплементација на Закон за забрана и спречување на нерегистрирана дејност | Министерството за труд и социјална политика | 08.07.2015 година - Обука во Дом на АРМ |
| 5 | Работилница за изработка на Предлог програма за мониторинг за здравјето на растенијата | Фитосанитарна Управа | 13-14.07.2015 година - во хотел карпош Скопје |
| 6 | Работилница за изработка на Закон за изменување и дополнување на Закон за ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата | Фитосанитарна Управа | 9-30.07.2015 година - хотел Гарденија - Велес |
| 7 | Работилница за изработка на Предлог програма за мониторинг програми за производи за заштита на растенијата | Фитосанитарна Управа | 07-08.07.2015 година - во хотел Карпош Скопје |
| 8 | Процедурите за работа и размена на податоци | Министерството за труд и социјална политика | 18.06.2015 год. Штип |
| 9 | Имплементација на Закон за забрана и спречување на нерегистрирана дејност | Министерството за труд и социјална политика | 18.06.2015 год. Штип |
| 10 | Принципи за интегрирано управување со штетници | Project Team, Capacity Buliding of the competent authorities for food safety, veterinary and phytosanitary policy | Од 19.05 до 20.05.2015 год.Скопје |
| 11 | Подобрување ба способностите и капацитетите за рано предупредување при безбедност на храна | FAO-Food and Agriculture Organization of the United Nations | Од 01.06 до 04.06.2015 година во Будимпешта, Република Унгарија |
| 12 | Organic farming | BTSF (Better Training for safer food)-initiative of the European Commision | Од 02.03-05.03.2015 година Полска |
| 13 | Хигиена на храната во примарното производство на растенијата | DG SANCO “ Better Training for Safer Food” | Од 16.02 - 20.02. 2015 година во Шпанија |
| 14 | Оперативни процедури за микробиолошка проценка на ризик и безбедност на храна | Project Team, Capacity Buliding of the competent authorities | Од 15.01- 16.01.2015 год.Скопје |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | for food safety, veterinary and phytosanitary policy | |
| 15 | Управување со ризик | Project Team, Capacity Buliding of the competent authorities for food safety, veterinary and phytosanitary policy | Од 15.01- 16.01.2015 год.Скопје |
| 16 | Стратешко лидерство и вештини за креирање политики | | 26-27.03.2015 година, Скопје |
| 17 | Обука за генетски модофицирани организми | ГМО –Д-р Силвана Манасиевска Симиќ – Факултет за земјоделски науки и храна – Институт за храна | 04.03.2015 год, Скопје |
| 18 | Опрема за апликација на производи за заштита на растенијата | Д-р Зоран Димитриевски – Земјоделски факултет – Штип | 05.03.2015 год, Скопје |
| 19 | Регулатива во Фитосанитрана политика – Горан Димовски | Факултет за земјоделски науки и храна | 04.03.2015 год, Скопје |

*Табеларен приказ број 4: Стручно оспособување и усовршување на инспекторите*

### 4.4.Интегритет

Во текот на 2015 година, покренета е една дисциплинска постапка за државен инспектор за земјоделство за утврдување на дисциплинска одговорност заради дисциплинска неуредност во однос на неизвршување или несовесно вршење на службената должност.

## 5. ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

### 5.1. Административен капацитет за вршење на инспекциски надзор

Државните инспектори за земјоделство користат DSI софтвер во кој ги внесуваат податоците од извршеите инспекциски надзори и истиот не е одржуван, не дозволува креирање на нови корисници, периодично не дозволува повелкување на постоечки и внесување на нови податоци и сето тоа го прави нефункционал подолго од 6 месеци, додека фитосанитарните инспектори користат софтвер за електронска евиденција на пратки од увоз, реекспорт, транзит и извоз. Во извештајната 2015 година сите видови на извештаи од извршени инспекциски надзори и нивни анализи се вршат во excel табели. Планирањето на надзорите е согласно Правилник за формата и содржината на Месечниот план за работа на секој инспектор (Службен весник на Република Македонија"број 44/2015 година) и надзорите се планираат несубјективно и по ризична област на делување во зависност од периодот за кој се врши планирање и сензитивнноста на областа која е приоритетна за вршење на надзор. Иако согласно Правилникот за внатрешна организација на Државниот инспекторат за земјоделство е организационо предвидено и Одделение за анализа на ризик, ова одделение сеуште не е

екипирано со стручен човечки ресурс и нема доволен капацитет за целосно извршување на анализите и анализите на ризик на ниво на Инспекциската служба.

Државниот инспекторат за земјоделство има потпишано меморандуми за соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство, Царинската управа на Република Македонија со Централен регистар и размената на податоци помеѓу овиие инстутии е по потреба. Посебни пропишани методологии, заеднички системи кои ги поврзуваат во нивното работење во моментот нема, а кои се многу важни за понатамошното работење на Инспекциската служба.

## 5.2. Остварување на претпоставките за проценките на ризици во областите на инспекциски надлежности

Основна задача на Државниот инспекторат за земјоделство е да ги идентификува субјектите кои при вршењето на дејностите не се придржуваат кон законската регулатива и да преземат мерки за нивно санкционирање и санирање на повредите на законските процедури. Законската рамка која се регулира во секторите за инспекциските надзор опфаќа широк спектар на закони и подзаконски акти со кои се уредува организацијата, надлежностите и постапката на вршење на надзор од страна на секој вид на инспектор во инспекторатот.

Од извршената проценка за очекуваната состојба во областа на инспекциски надзор од аспект на ризиците за неприменување на прописите за секој вид на инспектор во инспектор во Државниот инспекторат за земјоделство при што се лоцирани сензитивните точки по области каде инспекторатот при вршење на инспекциски надзор во 2015 година треба да обрне големо внимание. Проценката е извршена врз основа на стекнатата пракса при долгодишното вршење на инспекциски надзор во минатото во областите за кои е надлежен инспекторатот, законската регулатива и сл,.

Врз основа на проценката за очекуваната состојба во областа на инспекциски надзор од аспект на ризиците за неприменување на прописите извршено е планирање во следниве области на делување на државните инспектори за земјоделство и тоа:

- *Од областа на земоделско земјиште* од претпоставката да дојде до зголемување на противправното користење на државното земјоделско земјиште, нерационално користење на земјоделското земјиште како ограничен природен ресурс;
- *Од областа на рибарство и аквакултура* од претпоставката да дојде до зголемување на криволов и намалување на рибниот фонд како и нелегална продажба на риби на продажните места (пазари, ресторани, маркети и слично);
- *Од областа на сточарството* од претпоставката да дојде до нарушување на квалитетот на приплодниот материјал, како и намалување на сточниот фонд врз основ на несоодветна благосостојба на добитокот и нарушување на генетската варијабилност од несоодветено увезен приплоден материјал.
- *Од областа на пасиштата* од претпоставката дојде до бесправно користење на пасиштата;
- *Од областа на производи за заштита на растенијата, областа за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, закон за семенски и саден материјал на земјоделски растенија* од претпоставката дојде до - увоз и пласирање на производи за заштита на растенијата, ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својства на почвата, семенски и саден материјал на земјоделски растенија кои го немаат квалитетот согласно законските одредби, пласирање на Т+ отрови кои се директна закана за животот на лугето, животните и растенијата и животната околина, производство на производи за заштита на растенијата, ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својства на почвата, семенски и саден материјал на земјоделски растенија без соодветен квалитет што директно може да биде закана по животот на човекот, животните, растенијата и животната средина;
- *Од областа на виното* - увоз на вино и пуштање на увезеното вино во промет без истото да има физичко – хемиска анализа издадена од соодветна лабораторија, производсвто на вино и негова класификација спротивно на законските одредби;

– *Од областа на земјоделството и руралниот* развој може да ги предизвика следните ризици - нарушување на пазарот со земјоделски производи, нелојална конкуренција, нелегален откуп на земјоделски производи, максимално искористување на природните ресурси и непочитување на начелата за заштита на природата, животната средина и човекот, незаконско добивање или ненаменско користење на средстава од програмите за финансиска поддршка, оштета на земјоделските стопанства со недобивање на финансиски средства;
– *Од областа на тутунот и тутунските производи* - нестабилно производство, нелојална конкуренција, нелегален откуп на тутун, оштетени производителите на тутун;
– *Од областа на квалитетот на земјоделски производи* - неквалитетен земјоделски производ, нелојална конкуренција, оштетени граѓаните на Република Македонија;
– *Од областа на органското производство* - производтво и продажба на неоргански земјоделски производи како органски, нелојална конкуренција, оштетени граѓаните на Република Македонија;
– *Од областа на за здравјето на растенијата* би дошло до неконтролирана појава на штетни организми кај растенијата и растителните производи, при што би се довело до загрозување на одредени видови на земјоделски растенија како и намалено производство на храна.
– *Од областа на производи за заштита на растенијата* – масовна појава на небезбедни производи кои би претставувале опасност по здравјето на луѓето, домашните животни и нарушување на биодиверзитетот на животната средина.

### 5.3. Координирани инспекциски надзори

Државниот инспекторат за земјоделство заради широкиот спектар на разнородни законски овластувања и надлежности при своето работење соработуваше со следните институции: Царинска управа на Република Македонија; Министерство за внатрешни работи – МВР, Национален координативен центар за гранично управување – НКЦГУ, Централен регистер на Република Македонија, Управа за јавни приходи – УЈП, Државен инспекторат за животна средина и природа – ДИЖС.

Од извршени кооординирани инспекциски надзори во соработка со Министерство за внатрешни работи – МВР, а согласно - Законот за семенски и саден материјал на земјоделски растенија (вкупно 10 физички лица, кои постапиле спротивно на чл. 5 - пласира на пазар саден материјал од градинарски и овошни растенија кои не се сертифицирани, етикетирани и декларирани, и не е запишан во Регистарот на снабдувачи на саден материјал,, казниво по чл. 66 и за кои се издадени вкупно 10-десет платни налози, наплатени се 2-два платни налози.

Од извршен координиран инспекциски надзор со МВР Битола во месец јануари 2015 година на пазарот во Битола од едно физичко лице одземени се вкупно 146 броја на овошен саден материјал, за пласирање на пазар саден материјал од овошни растенија кои не се сертифицирани, етикетирани и декларирани, и не е запишан во Регистарот на снабдувачи на саден материјал, изречена е глоба од истата не е платена глобата и поднесено е Барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен Прекршочен орган-Комисија.

Од извршен координиран инспекциски надзор со МВР Прилеп во месец април 2015 година затекнати се вкупно 9 физички лица кои постапиле спротивно на чл. 5 - пласира на пазар саден материјал од градинарски растенија кои не се сертифицирани, етикетирани и декларирани, и истите не се запишани во Регистарот на снабдувачи на саден материјал,, казниво по чл. 66 и за кои се издадени вкупно 9-десет платни налози и истите, не се платени платните налози согласно дадената правна поука и за истите е поднесени се вкупно 9 Барања за поведување на прекршочна постапка пред надлежен Прекршочен орган-Комисија.

Во акцијата одземени се 8.400 броја саден материјал (расад) од градинарски култури.

## 5.4. Инспекциски надзор

### 5.4.1. Записници за инспекциски надзор

Во извештајната 2015 година Државниот инспекторат за земјоделство преку надлежните инспектори има составено вкупно 34298 записници од извршени инспекциски надзори, додека согласно кварталните планови за работа има испланирано вкупно 5205 надзори, односно бројот на извршени инспекциски надзори е во целост исполнет и надминат.

Во извештајната 2015 година заклучно месец декември 2015 година надлежни инспектори кои имале привремена лиценца се 84 инспектори и во просек во однос на вкупниот број на извршени надзори изнесува по 408 составени записници од извршени надзори.

| Планирани од 01.01.2015 до 31.12.2015 година | | | Ивршени од 01.01.2015 до 31.12.2015 година | | | Просечен број на записници по инспектор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Редовни* | *Контролни* | *Вонредни* | *Редовни* | *Контролни* | *Вонредни* | |
| 4358 | 257 | 590 | 16260 | 1314 | 16724 | 408,3 |
| **Вкупно** | | **5205** | | | **34298** | |

*Тбеларен приказ бр.5. Планирани и извршени надзори во 2015 година*

Во извештајната 2015 година бројот на составени записници од извршени инспекциски надзори во однос на извештајната 2014 година е зголемен за 81%. Или прикажано во графикон:




*Графикон бр.1. Споредбени податоци од извршени надзори во 2014 и во 2015 година*

Од прикажаниот графикон може да се забележи дека бројот на составени записници извршени редовни надзори е зголемен за 77%, дека бројот на составени записници извршени контролни надзори е зголемен за 82% и бројот на извршени вонредни надзори е зголемен за 86%.

*Прилог:Табеларен преглед број 1.*

### 5.4.2. Записници со запрена постапка

Државниопт инспекторат за земјоделство во извештајната 2015 година од вкупно сотавените записници 34.928 од извршени инспекциски надзори за 33.514 надзори ја има затворено постапката од кои за 18.624 надзори има донесено заклучок како инспекциски акт за затварање на постапката, а за 14.890 нема донесено инспекциски акт за затварање на постапката.







*Графикон број.2 и бр.3. Споредбени податоци на записници со запрена постапка.*

Кај постапките кои се стопирани без да е донесен заклучокот како инспекциски акт, инспекторот ја стопира постапката согласно член 41 став 3 од Законот за инспекциски надзор, каде е наведено дека заклучок не се донесува ако субјектите на надзорот се откажат од правото на жалба на записник. Незатворени записници во 2015 година има и согласно подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за виното, кога се врши земање на мостра за вино кое е наменето за извоз, истата треба да се чува во рок од 6 месеци, со тоа што записникот за земање на мострата неможе да биде затворен со заклучок се до истекот на важноста на законски определениот рок од 6 месеци за чување на мострата. Бројот на записници каде не е затворена постапката се однесува и на активни решенија кои се со рок на затварање во 2016 година, постапки по неплатени платни налози и барања за поведување на прекршочни постапки.

Бројот на запрени постапки во 2015 година е зголемен за 65 % во однос на бројот на запрени постапки во 2014 година., прикажани во табеларен преглед:

| Број на составени записници, Записници со запрена постапка и број на предмети каде постапката не е затвроена во 2015 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Број на записници од извршени инспекциски надзори | | Број на записници со запрена постапка | Број на записници со запрена постапка со инспекциски акт | Број на записници со незапрена постапка |
| Вкупно 2014 | 27603 | 26398 | 13894 | 1205 |
| Вкупно 2015 | 34298 | 33514 | 18624 | 784 |

*Тбеларен приказ бр.6 Споредбени податоци за 2015 и 2014 година*

*Прилог:Табелраен преглед бр.2*

### 5.4.3. Инспекциски мерки и санкции

Државниот инспекторат за земјоделство во извештајната 2015 година има извршено 34298 инспекциски надзори при што се издадени 975 решенија за отстранување на неправилности, спроведени се 147 едукации, издадени се 4 мандатни казни, а напалтени се 3 мандатни казни, издадени се 595 платни налози, а наплатени се 112 платни налози. По однос на неплатени платни налози поднесени се вкупно 428 барања за поведување на прекршочна постапка до прекршочен орган од кои 47 барања се до прекршочна комисија во областа на земјоделството и 381 барање до Суд, додека неподнесени барања по однос на неплатени платни налози се 41, и поднесени се 9 кривични пријави.




*Графикон бр.4 Приказ на инспекциски мерки и санкции*




*Графикон бр.5 Споредбени податоци на издадени решенија за 2013, 2014 и 2015 година.*

Во извештајната 2015 година од страна на Државните инспектори за земјоделство издадени се вкупно 975 решенија за отстранување на недостатоци со учество во вкупниот број на записници од 2,84%. Во однос на 2013 година бројт на издадени решенија е намален за 8%, додека во однс на 2014 година бројот на издадени решенија е намален за 1,8%.

Број на спроведени **едукации** во извештајната 2015 година е зголемен за 6,8% во однос на 2014 година за и учество во вкупниот број на записници- во извештајната година изнесува 0,42%.

Во извештајната 2015 година се изречени 4 **мандатни казни**и од кои 3 се наплатени во зададениот законски рок, со учество во вкупниот број на записници од 0,01%, додека во 2014 година не се издадени мандатни казни.

Од издените 595 платни налози во 2015 година наплатени се 112 платни налози, односно за 18,8% од издадените е наплатено. Додека за ненаплатените платни налози 483, се поднесени вкупно 428 барања до прекршочен орган или за 88 % од на неплатените платни налози.







*Графикон бр.6 Приказ на издадени и наплатени платни налози како и поднесени барања во однос нанеплатените платни налози во 2015 година*

Број на издадени платни налози платни налози со учество во вкупниот број на записници во извештајна година изнесува 1,73%.




*Графикон бр.7 Споредбени податоци на издадени платни налози за 2013, 2014 и 2015 година*

Согласно прикажаните податоци во Графикон бр.7 се забележува намалување на бројот на издадени платни налози  како и намалување на бројот на наплатени платни налози и тоа во однос на 2013 година за 52% во однос на издадените платни налози и за 41% во однос на наплатените платниналози. Во однос на 2014 година бројот на издадени платни налози е намален за 15%, а во однос на наплетните платни налози е намален за 66%.

Во извештајната 2015 година се поднесени вкупно 428 барања за поведување на прекршочни постапки од кои 47 се поднесени до Државна комисија за одлучување во втор степен од областа на инспенкцискиот надзор и прекршочната постапка и 381 барање до Суд. Учеството на поднесените барања за поведување на прекршочна постапка во однос на вкупниот број на записници, изнесува 1,24%.




*Графикон бр.8 Споредбени податоци на поднесени барања за 2013, 2014 и 2015 година*

Бројот на поднесени барања во 2015 година е за 49% намален во однос на 2013 и за 2,1% зголемен во однос на 2014 година. Бројот на кривични пријави (9) во 2015 година е намален за 100% во однос на 2014 година.

Во извештајната 2015 година се изврши планирање на инспекциските мерки само во IV Квартал и тоа на 707 инспекциски мерки, а оставрени се вкупно 551 инспекциска мерка или оставрено е 78% од планираното.

По вид на инспекциска мерка во таблерен приказ:

| **инспекциски мерки** | **Q 4** | | |
|---|---|---|---|
| | Планирани | Оставрени | % |
| **Вкупно** | **707** | **551** | **78** |
| Решенија | 440 | 289 | 66 |
| Едукации | 3 | 56 | 1867 |
| Мандатни казни | 0 | 1 | #DIV/0! |
| Покани за порамнување | 264 | 117 | 44 |
| Прекршочни пријави | 0 | 88 | #DIV/0! |
| Кривични пријави | 0 | 0 | #DIV/0! |

*Тбеларен приказ бр.7 Планирани и извршени инспекциски мерки во IV Квартал од 2015 година*

**Табеларен приказ на податоците од извршени инспекциски мерки, учество во вкупниот број на записници изразено во броојки се во прилог Табела 3 на извештајот.*

Во извештајната 2015 година надлежните инспектори за земјоделство имаат составено вкупно 298 записници од одземени или привремено одземени предмети. За сторените прекршоци спротивно на законските прописи, изречени се соодветни прекршочни мерки на сторената неправилност при што привремено одземените предмети се предадени во Агенција за управување со привремено одземени предмети.

| Ред.бр | Број на записници од извршени инспекциски надзори за одземање на предмети | Вид | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | 266 | Разен риболовни средства | 1004 броја (трски, мрежи, чамци и др.) |
| 2 | | Риби | 667 kg разни видови на риба |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3 | 3 | Ѓубриво | 120, 9 kg/l |
| 4 | 1 | Вино | 696 l |
| 5 | 2 | Семе и саден материјал (компир, пченка и грашак) | 16.923 kg |
| 6 | 10 | Саден материјал (садници овошни) | 8546 br |
| 7 | 9 | Производи за заштита на растенијата | 37.665 kg |
| 8 | 6 | Тутун | 130 kg |
| 9 | 1 | Вишна (плод) | 5.550 kg |

*Тбеларен приказ бр.8.Број на составени записници, видови и количина на одземени предмети во 2015 година*

### 5.4.4. Инспекциски надзори по закони

Државниот инспекторат за земјоделство во 2015 година има постапувано согласно 18 законски акти со вкупно 34298 составени записници од извршени инспекциски надзори.

Најголема концентрација на составените записници има согласно Законот за здравјето на растенијата со составени вкупно 12240 записници од извршени надзори со учество од 35,6% во однос на вкупниот број на записници. Од страна на Државните фитосанитарни инспектори на единаест гранични премини и шестте места на утовар и во внатрешноста на Република Македонија извршени се вкупно 71.087 прегледи на пратки од кои 31.654 пратки при увоз, 27.967 пратки при извоз, 7.839 пратки при провоз (транзит) и 3.627 пратки при реекспорт, односно изразено во тежина изнесува 1.026.013,268 тони, 322.626,21м$^3$ дрвен материјал и 47.240,211 броја саден материјал.

Од страна на Државните фитосанитарни инспектори во 2015 година се извршени 86.495 прегледи на пратки ( надзори), земени се вкупно 885 примероци и добиени се вкупно 1689 анализи. Од растенијата или растителните производи земени се 561 примероци за испитување на можно присуството на штетни организми, при што добиени се 1366 анализи. Додека за анализа на активна компонента од производи за заштита на растенијата земени се 138 примероци и добиени се 138 анализи, земени се 22 примероци и добиени се 22 анализи за ѓубриња, а за испитување на максимално ниво на резидуи (МНР) во плодови од примарни земјоделски производи (кои најчесто се употребуваат во исхрана на луѓето од градинарски и овошни производи како и трпезно грозје за свежа консумација) земени се 164 примероци и добиени се вкупно 164 анализи, додека за 4 анализи имаше зголемено ниво на резидуи од производи за заштита на растенијата во плодови од примарно земјоделско производство.

Согласно Законот за виното со составени 9176 надзори или со учество во вкупниот број на надзори од 26,7%. Согласно Законот за виното во текот на 2015 година од Република Македонија е извезено вино во вкупна количина од 363.844.883 hl наливно и 210.881.132 hl флаширано вино. За таа цел, државните инспектори за земјоделство имаат земено 7154 мостри и имаат издадено вкупно 7154 сертификати (VI1 образец за извоз на вино во земјите на ЕУ и Уверение за квалитет на земјоделски производи за трети земји). Извезени се и други производи од грозје и вино во вкупна количина од 7.433.583 hl за што се земени вкупно 101 мостри издадени вкупно 101 сертификати.

Во текот на 2015 година, земени се вкупно 207 мостри при увоз на вино врз основа на што добиени се 207 уверенија за квалитет на вино од увоз и издадени се 96 Уверенија за квалитет - сертификат. Увезени се 162,48 hl вермут, 492,71 hl наливно и 724,76 hl флаширано вино и 416,61 hl пенливо вино.

Надзорите (21.416) од овие две области на делување учествуваат со вкупно 62,4% во однос на вкупниот број на извршени надзори во 2015 година.

**Најголем број на спроведени едукации** 55 (37,4%) во однос на вкупниот број има согласно Законот за земјоделско земјиште, 21 едукација или (14,2%) има согласно Законот за пасишта, 20 (13,6%) спроведни едукации согласно Законот за квалитет на земјоделски производи, 19 (12,9%) се спроведени едукации согласно Законот за рибарство и аквакултура. Од 18 закони по кој надлежните инспектори постапувале во извештајната 2015 година за 8 областина делување нема спроведено ниту една едукација, ова е од причина што да согласно законите по кои постапува ДИЗ е мал бројот на прекршоци за кои е предвидена едукација.




*Графикон бр.9 Приказ на спроведени едукации по закони во 2015 година*

**Нјаголем број на донесени решенија** за отстранување на недоследности и неправилности има согласноЗаконот за земјоделство и рурален развој со издадени 216 решенија и со учество во вкупниот број на издадени решенија од 22,1%, потоа согласно Законот за здравје на растенијата (164 решенија) со учество од 16,8% во вкупниот број на издадени решенија, Законот за производи за заштита на растенијата (157 решенија) со учество во вкупниот број на издадени решенија од со учество од 16,1% во вкупниот број на издадени решенија и согласно Законот за земјоделско земјиште со издадену вкупно 117 решенија и учество од 12% во вкупниот број на издадени решенија. Вкупниот број на издадени решенија од овие области на делување учествува со 67% во однос на сите донесени решенија во 2015 година.




*Графикон бр.10 Донесени решенија по закони во 2015 година*




*Графикон бр.11 Издадени платни налози во 2015 година според закони.*

**Најголем број на издадени платни налози** има согласно Законот за рибараство и аквакултура со учество од 62,5% во однос на вкупно издадените платни налози во 2015 година, потоа согласно Законот за тутун и тутунски производи со учество од 8,5% и согласно Законот за земјоделско земјиште со учество од 7,2% и согласно Законот за семенски и саден материјал со учество од 5,5%.

Во извештајната 2015 година поднесени се вкупно 428 барања за поведување на прекршочна постапка и 9 кривични пријави, од кои 347 барања и 7 кривични пријави се согласно Законот за рибарство и аквакултура или во однос на вкупниот број поднесени барања има учество од 81%, а воодност на вкупно поднесените кривични пријави 77,7%.




| | Закон за рибарство и аквакултура | Закон за семенски и саден материјал за земјо... | Закон за земјоделско земјиште | Закон за тутун и тутунски производи | Закон за производи за заштита на растенијата | Закон за квалитет и безбедност на ѓубриња, био... | Закон за Државниот инспекторат за земјо... | Закон за виното | Закон за земјоделство и рурален развој | Закон за инспекциски надзор |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прекршочни | 347 | 20 | 16 | 16 | 11 | 7 | 5 | 2 | 2 | 2 |
| Кривични | 7 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

*Графикон број 12. Подeнсени барања за поведување на прекршочна постапка и кривични пријави по закон во 2015 година*

| Извештајна година | Број на записници од извршени инспекциски надзори | Решенија | Едукации | Мандатни | Порамнување | Прекршочни | Кривични |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2015 | 34298 | 975 | 147 | 4 | 595 | 428 | 9 |
| 2014 | 27603 | 993 | 113 | 0 | 685 | 419 | 18 |

*Табеларен приказ бр.9 Споредбени податоци во 2014 и 2015 година*

*Дополнителен табеларен преглед со споредбени податоци од извршените надзори по закони за 2015 година и 2014 годинае во прилог на Годишниот извештај, Табела број 9.*

Во извештајната 2015 година од страна на Државниот инспекторат за земјоделство донесени се вкупно **975 решенија за отстранување на неправилностите**, од кои за **6 се поднесени жалби** до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (0,6% во однос на вкупно издадените решенија), од кои 5 се одбиени жалби и 1 е нерешено.

Државниот инспекторат за земјоделство во извештајната 2015 година има поднесено вкупно **428 барања за поведување на прекршочна постапка** од кои 47 се до Државна комисија за одлучување во втор степен од областа на инспенкцискиот надзор и прекршочната постапка и 381 се поднесени до Суд.

Од страна на комисија решени се 6 барања и истите 6 се казнети, додека од страна на Судот решени се 125 барања за поведувањена прекршочна постапка од кои 104 се казнети и 13 отфрлени. Поденесени се 37 жалби по пресуди до Апелационен суд од кои 21 се решени, 9 се казнети, а 11 тужби се отфрлени.

Во 2015 година вкупно се поднесени 9 кривични пријави од страна на надлежните инспектори за земјоделство до Министерство за внатрешни работи.

*Прилог табелрен бреглед:Табела бр.7 и Табела бр.8*

## 6.ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА

### 6.1. Односи со медиумите

Од страна на Државниот инспекторат за земјоделство на во текот на 2015 година се одржани повеќе трибини со цел да им се помогне на граѓаните во остварување и заштита на нивните права од областа на земјоделството и на истите им беше промовиран бесплатниот телефонски број Трибина на Дежавниот инспекторат за земјоделство. Целта на трибината беше да им помогне на граѓаните во остварувањето и заштитата на нивните права од областа на земјоделството. На истата беше промовирана и бесплатната телефонска линија со број 0800 11 000 телефонскиот број е достапен секој работен ден од 08 и 30 до 16 и 30 h.

Од страна на Директорот на инспекторатот на повеќе национални телевизии и интернет портали како и дневни весници во извештајната година се дадени изјави во врска со:

На средба со земјоделците од Општина Чашка (http://kanal5.com.mk/vesti_detail.asp?ID=85849)

- Започна предвремениот откуп на тутунот (http://www.novamakedonija.com.mk/DetalNewsInstant.asp?vestInstant=54516),
- Инспекторатот за земјоделство регистрираше нелегален откуп на тутун, запленети 3.520 килограми http://sitel.com.mk/inspektoratot-za-zemjodelstvo-registrirashe-nelegalen-otkup-na-tutun-zapleneti-3520-kilogrami),
- Прилепските тутунари очекуваат повисоки цени (http://www.utrinski.mk/?ItemID=66D2CDF853D6AE4C9F6F57833A291CB6)
- Тече откупот на грозје, досега откупени 90 милиони килограми (http://republika.mk/?p=490122),
- Нема да се дозволи манипулација со цената на грозјето (http://republika.mk/?p=482661),
- Узурпирани 40 хектари во Драчево, наместо државни, во непозната сопственост (http://sitel.com.mk/uzurpirani-40-hektari-vo-drachevo-namesto-drzhavni-vo-nepoznata-sopstvenost).

### 6.2. Интернет страница

Иформации поврзани со и за работата на Државниот инспекторат за земјоделство во електронска форма на граѓаните им се достапни на страната (http://www.diz.gov.mk). Страната редовно се ажурира со податоци и информации во врска со работењето на Инспекциската служба.

### 6.3. Претставки и предлози и слободен пристап до информации

До Државниот инспекторат за земјоделство во период од 2015 година беше поднесено само едно барање за иформации од јавен карактер од правно лице на кое беше позитивно одговорено. Од страна на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до иформациите од јавен карактер до Државниот инспекторат за земјоделство нема вложено, усвоено ниту една жалба и исто така нема ни одбиено или отфлено ниту една жалба и нема ниту еден случај на молчење на Комисијата. Во овој период исто така нема барања за поведување прекршочна постапка и изречени прекршочни санкции. Немаме поведени управни спорови против конечна одлука на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до иформациите од јавен карактер.

### 6.4. Соработка со други инспекциски служби и државни институции

Државниот инспекторат за земјоделство заради широкиот спектар на разнородни законски овластувања и надлежности при своето работење соработуваше со следните институции: Царинска управа на Република Македонија, Министерство за внатрешни работи – МВР, Национален координативен центар за гранично управување – НКЦГУ, Агенција за храна и ветеринарство –АХВ, Централен регистер на Република Македонија, Управа за јавни приходи – УЈП, Државен инспекторат за животна средина и природа – ДИЖС.

### 6.5. Соработка со бизнис заедницата и здруженија на потрошувачите

Државниот инспекторат за земјоделство согласно начелата од Законот за инспекциски надзор првенствено делува превентивно со својата функција и секогаш е отворен за соработка со голем број на земјоделски здруженија и невладини организации како Здруженијата на тутунопроизводителите, Федерација на фармери на Република Македонија, Здрженија на оризо производители, Групацијата на мелничко пекарската индустрија, Стопанската комора на Македонија, Здружение на лозаро производители и други.

### 6.6. Соработка со образовни и научни институции

Државниот инспекторат за земјоделство е во континуирана соработка со образовните и научните институции од областа на земјоделството како Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, Земјоделски факултет во Штип, Факултетот за ветеринрна медицина во Скопје и други.

**Број:02-**
**Скопје 01.03.2016 година**

**Цветан Трипуновски**

**Директор на Државниот инспекторат за земјоделство**

Изработил:Љубица Ласкова-Виш соработник
Одобрил:Бошко Стојаноски-Раководител на сектор

Доставено до:

-Инспекциски совет
-Архива